**20261281841**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 9 став (8) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА РЕГИСТРАЦИЈА И ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на регистрација и водење на Регистарот на овластени претставници на субјектите кои немаат регистрирано седиште во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

Регистарот се води во електронска форма и содржи:

- податоци за давателот на услугата (назив, седиште и контакт податоци);
- област, подобласт и вид на субјектот;
- име, презиме и матичен број на лицето кое е регистрирано за претставник;
- контакт податоци на претставникот (адреса, е-пошта и телефонски број) и
- опсег на IP на субјектот.

Член 3

Овластените претставници се регистрираат во Регистарот со поднесување на барање во електронска форма до Министерството за дигитална трансформација, во кое ги наведуваат податоците од членот 2 од овој правилник.

По приемот на барањето од ставот (1) на овој член, овластениот претставник се евидентира во Регистарот.

Секоја промена на овластениот претставник или промена на некој од податоците од членот 2 од овој правилник, овластениот претставник ја пријавува електронски до Министерството за дигитална трансформација.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-1349/1
9 јуни 2026 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.